**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Данче Чурлинова**
**именуван за подрачјето на**

**Струмица и Радовиш**
**ул. Ленинова бр.14**
**тел. 034 611-690**

**Образец бр.66**

**И.бр.277/2022**

Извршителот **Данче Чурлинова** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Еуростандард банка АД Скопје- во стечај** од со ЕМБГ/ ЕМБС 7156650 ЕДБ 4030001419723 и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул,, Никола Кљусев,, бр. 2 Скопје, засновано на извршната исправа ОДУ.бр. 483/14 од 29.10.2014 на Нотар Стевица Јанева, против должникот **Зоран Василев** од Струмица со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул,, Браќа Миладинови,, бр. 37/2-3 Струмица и заложен должникДГПТУ КРМЗОВ-МР ДООЕЛ Струмица со ЕМБС6875440 за спроведување на извршување во вредност 2.263.886,00 ден., на ден 18.07.2023 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-Кп.бр.7034/10,влез 1,кат К1,број 7, намена на посебен/заеднички дел од зграда и друг објект-стан со површина од 61м2,

-Кп.бр.7034/10,влез 1, кат К1, број 7, намена на посебен/заеднички дел од зграда и друг објект-помошни простории(тераса,лоѓија,балкон) со површина од 6м2 заведени во Имотен лист бр.51084 во КО Струмица издаден од АКН на РСМ, Одделение за катастар на недвижности Струмица која се наоѓа во:
сопственост на заложен должник ДГПТУ КРМЗОВ-МР ДООЕЛ Струмица.

**Продажбата ќе се одржи на ден 16.08.2023 година во 12.00часот во просториите на Извршител Данче Чурлинова ул.Ленинова бр.14 Струмица.**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.277/2022 од 27.02.2023 година, изнесува 2.820.651,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Нотарски акт-хипотека ОДУ бр.483/14од 29.10.2014 годинаод Нотар Стевица Јанева , Налог за извршување врз нрдвижност од 25.05.2022 на Извршител Данче Чурлинова. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000178078 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027011503164.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Данче Чурлинова

Д.-на: Должник,Заложен должник,Доверител

УЈП.Даночно Одделение Струмица

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струмица согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.